и Редакцијата на монографијата чии уредник е акад. Љ. Лапе. Овој потфат заслужува секаква општествена поддршка која треба да придонесе за неговото довршување со издавањето и на втората книга на Историјата на Тетово и Тетовско.

Манол ПАНДЕВСКИ

## ЈУГОСЛАВИЈА 1941.

(Издавач: Републички Завод за унапређивање школства ООУР за издавање уџбеника и Друштво историчара СР Црне Горе, Титограда, 1982)

За Југославија во 1941 година е пишувано доста во нашата историографија. Меѓутоа, научното интересирање за оваа историски преломна година во животот на сите наши народи разбирливо трае и понатаму. Забележително е дека во таа бројна историографска продукција скоро и нема синтетички трудови. Еден од обидите да се дојде до синтеза за 1941 година е оваа книга што е повод за овие трудови.

Книгата — зборник на трудови за Југославија во 1941 година — настана од авторизирани предавања кои истакнати историчари од сите наши републики и покраини ги одржале на семинарот за наставници и професори по историја од СР Црна Гора, во јануари 1982 год. во Будва, под наслов **Југославија во 1941** година. Имено, организаторите на семинарот (Друштвото на историчарите на СР Црна Гора, Републичкиот завод за унапредување на школството, Катедрата за историја на Наставничкиот факултет во Никшиќ и Историскиот институт на СР Црна Гора во Титоград) се определија за научно-стручна обработка на 1941 година во Југославија во целина и во сите нејзини делови, тргнувајќи пред сè од фактите дека таа година всушност претставува еден од најзначајните датуми во нашата понова историја и дека иновациите на знаењата за неа се неопходно потребни на наставниците по историја.

Одбележувањето на четириесетгодишнината од народните востанија и почетокот на НОВ и социјалистичката револуција во Југославија беше погоден повод да се подвлечат и расветлат некои најбитни прашања за историската 1941 година и да се прикажат остварените достигнувања во нашата историографска литература за сложените настани во почетната година на НОВ и револуцијата на целиот југословенски простор. Со желба на наставниците и професорите по историја, пред сè, да им се прикаже, да им се престави степенот на научните достигнувања во обработката на почетокот на вооружената борба на југословенските народи и народности против окупаторот и сите сили на домашните предавници, концепциски се тргнало од согледувањата на достигнатото ниво на научната мисла за историската 1941 година во Југославија гледа-

но во целина, а потоа и во сите нејзини, делови на тогашните покраини а денешни социјалистички републики и САП. Овој зборник на трудови сведочи дека таа цел воглавно е и постигната. Синтетичките прикази и подготовки, почетокот и понатамошниот развиток на народните востанија за тогашните покраини на Југославија дадени се прегледно, одмерено се втемелени на бројните научно-истражувачки трудови објавени во последните две децении во сите наши републики и покраини. Всушност, од обидите за создавање на синтеза за 1941 година може да се согледа колку и како се истражени историските појави на одделни подрачја, што има и колку значајно и специфично што ја карактеризира почетната година на НОВ и револуцијата на целиот простор на Југославија. Книгата, инаку тематски е цврсто компонирана, покажува и колку општото и поединечното се преплетуваат во историскиот развој; колку специфичностите и особеностите го богателе заедништвото на нашиот простор, ја влевале силата на нашата револуција.

Тргнувајќи од фактите дека 1941 година беше преломна во поновата историја на нашите народи и дека на наставниците и професорите по историја главните факти за тоа им се познати, авторите на прилозите во овој зборник не се впуштаат во детали туку настојуваат што повеќе да ги соопштат ставовите и научните оцени, како оние до кои дошле со сопствените истражувања, така и оние научни заклучоци кои ги изрекла историографијата за Втората светска војна и Југославија во виорот на таа војна.

На почетокот на оваа значајна и стручно многу корисна публикација што има карактер на прирачник за историјата на почетокот на НОВ и социјалистичката револуција, печатен е текстот на Перо Морача: Востанието во Југославија во 1941 година во кој е даден пресек на развитокот на народното востание во Југославија, чија генеза се наоѓа во народното движење на масите од 27 март 1941 година, во отпорот со кој е осуден „обидот на врвовите на југословенската буржоазија Југославија да ја приклучат кон националфашистичкиот Троен пакт и да ја претворат во една од државите -сателите на Германија и Италија во нивните напори да ја постигнат својата мегаломанска цел —остварување на светското владеење". Авторот ги прикажува сите фази на востанието — подготовките, почетокот, текот и неговото прераснување во народноослободителна војно — истакнувајќи дека КПЈ како раководна политичка сила ја иницирала ја водела и ја насочувала оружената борба против окупаторот која била единствената алтернатива да се остварат две основни цели: 1 национално ослободување и 2. создавање на претпоставки за разрешување на социјалните противречности односно создавање на услови за воспоставување на власта на работничката класа во земјата.

Борбата за ослободување од окупаторот уште во почетокот укажуваше дека работничката класа, најголем дел од селанст-

вото и другите загрозени слоеви, предводени од КПЈ, сакаат остварување не само на националното ослободување туку и длабоко демократско социјално преобразување. Новата народна власт што се појави во форма на народноослободителни одбори, најнапред во тринаесетјулското востание, на црногорскиот народ, а потоа во Србија, Босна и Херцеговина, Словенија и во другите наши покраини, ја отвораше перспективата на демократското преобразување во земјата. КПЈ во востанието покажа и практичен пат за решавање на националното прашање, афирмирајќи го братството и единството, отфрлувајќи го окупаторскиот режим и негирајќи го разбивањето на југословенската државна заедница: таа концепцијата за заедничката борба на сите народи на Југославија против заедничкиот непријател ја сочува и понатаму ја јакнеше, се разбира врз новите основи идејата на југословенството. Востанието на сите југословенски простори го насочуваше КПЈ која, уште пред војната водеше политичка битка против хегемонијата на големосрпската буржоазија, го отфрлаше нитаристичкото југословенство и програмите на одделните национални буржоазии кои решението на националното прашање го бараа во поделбата на власта во Југославија или во сепаратистичките стремежи да се создаваат „независни држави“. Оруженото востание преставуваше негација и на окупаторските режими, на сите оние домашни класни буржоаски сили што им се приклучија; им го покажуваше патот по кој треба да одат до создавање на нова Југославија. Од средината на летото, па до крајот на 1941 година, востанието, зафаќајќи ги сите делови на Југославија, поминуваше низ различни фази, доживувајќи плими а местимично и осеки (па и привремени порази), но успеа да ја сочува сета виталност и неуништивост на народната сила, прераснувајќи во народноослободителна војна.

По тринаестјулското востание во Црна Гора, есента 1941 година, востанието најголемо достигнување на воената и на политичката организација доживеа во западна Србија и Шумадија, каде беше создадена голема слободна територија, чиј политички и воен центар се наоѓаше во Ужице, во октомври и ноември 1941 година таму беше седиштето на ЦК КПЈ и на Врховниот штаб на НОПО на Југославија. Израсна Ужичка република која се потпираше на претходно ослободени те територии на Црна Гора, на источна Босна и Херцеговина, а во исто време понатаму постоеше ослободената територија и во Босанска Краина, во делови на централна Босна, во Лика, на Банија и Кордун, на Горски Котор. На сите тие територии се создаваше единствена воена и политичка организација, се организираше нова народна власт и разни облици на државниот и стопанскиот живот, и тоа врз темелите од заклучокот на воено-политичкото советување во Столице. Од крајот на 1941 година востанието прерасна во општонародна војна на целата југословенска територија. Со денот на формирањето на Првата пролетерска

бригада (21 декември 1941) отпочна процесот на создавање на големи и подвижни воени единици, способни да водат војна на целата територија на Југославија.

Востанието во 1941 година покажа таква сила што окупаторот и домашниот непријател изненадно се најдоа во војната со широко оружено движење на народот. Успесите на востанието сериозно го разнишаа окупаторскиот систем во Југославија, востанието отвори ново боиште и тоа во моментот кога силите на Осовината беа на врвот на моќта, а што беше изненадувачко и за антифашистичките сојузници кои во партизанската војска во НОД на Југославија добија еден силен воен сојузник, чиј придонес за конечната победа над нациофашистичките сили ќе биде огромен.

За тоа како се вршени подготовките и под кои услови отпочнуваше борбата во одделните делови на Југославија, низ кои сè фази поминуваше оружената борба против окупаторот и домашните сили на предавството во првата година на НОВ, какви сè особености и специфичности имаше НОД зависно од конкретните политички и организациони услови, соопштуваат текстовите на: д-р Венцеслав Глишиќ (Востанието во Србија 1941 година); д-р Берѓ Гал (Народите и народностите на Војводина во ослободителната војна и револуцијата 1941); м-р Милутин Фолиќ (Народноослободителната борба на Косово 1941); Милија Станишиќ (Историските претпоставки на тринаестјулското востание во Црна Гора); Здравко Клањшчек (Востанието во Словенија во 1941); д-р Здравко Антониќ (Востанието во Босна и Херцеговина во 1941); д-р Јован Јелиќ (Народноослободителната борба во Хрватска 1941 година) и д-р Растислав Терзиоски (Македонија во 1941 година).

Гледано во целина, во прилозите кои ја исполнуваат содржината на оваа значајна книга, даден е целосен преглед на историските настани и појави во Југославија во 1941 година. Авторите одмерено, тргнувајќи од намената на овој прирачник, секој во својот научен домен, настојуваат релјефно да ја прикажат историската панорама и сложената динамика на збиднувањата во 1941 година, покажаа дека КПЈ беше единствена општојугословенска политичка сила, политички и организационо способна да изврши подготовки за почетокот на оружената борба и да ја води и насочува кон саканите цели, односно да отвори перспектива за победа и ослободување на сите народи и народности на Југославија. Содржината на оваа книга го покажува и тоа колку ослободителната традиција на нашето тло имала силно влијание на дигањето на востанието, особено во одделните делови на земјата. Народните маси од традиционално востаничките краеви во новите услови први отпочнаа со отпорот против окупаторот први отпочнаа со оруженото востание.

Од оваа публикација читателот ќе го согледа и фактот дека Југославија во 1941 година стана важен субјект на светската историја, за што даде голем придонес секој нејзин дел, секој најзин народ. НОД на Југославија ѝ обезбеди истакнато место во антифа-

шистичката коалиција , сојузниците ослободителната борба на народите на Југославија високо ја оценија, во светот се укажуваше на нашата земја како, на пример, херојската борба против силите на Осовината. Името на Југославија веќе во 1941 година стана симбол за целата прогресивна јавност на поробена Европа и пошироко. Паралелно со јакнењето на народноослободителната борба растеше и угледот на КПЈ и на нејзиниот водач Јосип Броз Тито, чие име во текот на четиригодишната борба ќе стане почитувано не само од страна на пријателите туку и на непријателите, на Југославија, ќе стане легендарно за светското напредно јавно мислење.

Содржината на оваа книга недвосмислено зборува дека во неизвесната и крајно историски динамична 1941 година, благодарејќи на визијата на КПЈ и на нејзиниот генерален секретар Тито, со организирањето на востанието и неговото прераснување во НОВ и револуцијата, се отвора перспектива на победата над окупаторските мрачни сили-нацистичка Германија и фашистичка Италија — и над сите предавнички сили. Веќе од перспективата на 1941 година нашите народи ги согледувале светлата иднина и прогресивното решение на својата социјалистичка положба.

Со еден збор кажано, оваа книга е драгоцен прирачник за сета училишна и друга младина. Таа ќе придонесе младите што попотполно да се запознаат со почетната година на народноослободителната војна и револуцијата, таа година да ја согледаат целосно. Нејзината содржина исто така, ќе го поттикне интересот на поширокиот круг читатели, зашто со споредбениот преглед на народните востанија во сите делови на Југославија, на едно место, тие ќе бидат во можност да ги согледат и сфатат сите особености и специфичности на единствениот револуционерен процес од кој се роди социјалистичка Југославија.

Нејзиниот издавач направил корисен училишен потфат: на наставниците по историја им овозможи да добијат уште еден значаен прирачник кој одлично ќе им послужи во наставата по историја. Сето тоа ја прави оваа книга неопходна во секоја училишна и факултетска библиотека.

Миомир ДАШИЌ
(Превела од српскохрватски јазик
Ксенија Цидрова-Македонска)

## JOSIP ADAMČEK, AGRARNI ODNOSI U HRVATSKOJ OD SREDINE XV DO KRAJA XVII STOLJEĆA, ZAGREB 1980, s. 795

Наведениов труд на Јосип Адамчек, кој се појави во изданние на Свеучилишна наклада — Либер од Загреб, претставува осумнаесетта книга од едицијата „Građa za gospodarsku povijest Hrvatske" што ја уредуваат Југословенската кадемија на науките и уметностите и Центарот за историски науки (оддел за Хрватска историја) при Свеучилиштето во Загреб.